**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**
**на ветеринарно – медицински препарат**

**Име на ветеринарно – медицинскиот препарат (латиница) – Име на ветеринарно – медицинскиот препарат (македонски јазик)**

Duplocillin LA / Дуплоцилин ЛА

**фармацевтска форма**
Суспензија за инјектирање

**генеричко име на ветеринарно – медицинскиот препарат**
Benzylpenicillin procaine (Бензилпеницилин прокаин)
Benzylpenicillin benzathine (Бензилпеницилин бензатин)

## 1. Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет и име и адреса на производителот

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
ДПТУ ВИТА ВЕТ ДОО увоз-извоз Скопје
ул."Тајмишка" бр. 32 - Скопје,
Република Македонија

**Име и адреса на производителот:**
Intervet Productions S.r.l
Via Nettunense km. 20.300, 04011 Aprilia (LT), Италија

## 2. Име на ветеринарно – медицинскиот препарат

Duplocillin LA
Дуплоцилин ЛА

## 3. Содржина на активни супстанции и други состојки

1 ml суспензија содржи:

**Активни супстанции:**
Бензилпеницилин прокаин 150 mg (150000 IU)
Бензилпеницилин бензатин 125 mg (150000 IU)

**Ексципиенси:**

| | |
|---|---|
| Метил-парахидроксибензоат | 1.0 mg |
| Пропил-парахидриксибензоат | 0.12 mg |

Натриум цитрат дихидрат, калиум дихидроген фосфат, диметикон, сорбитан монопалмитат, полисорбат 40, метил парахидроксибензоат , пропил парахидроксибензоат, натриум хлорид, лецитин, натриум хидроксид (за рагулација на pH), фосфорна киселина (за регулација на pH), вода за инјекции

## 4. Терапевтски индикации

Третман на инфекции предизвикани од бактерии сензитивни на пеницилин

## 5. Контраиндикации

Да не се користи кај животни за кои е познато дека се алергични на пеницилин.
Да не се користи кога се знае дека се присутни ß-лактамаза продуцирачки стафилококи.
Да не се користи кај коњи наменети за човечка употреба, или кај птици и глодари.

## 6. Несакани дејства

Алергиски реакции може да бидат забележани во одредени случаи.

## 7. Видови на животни за кои што е наменет ветеринарно - медицинскиот препарат

Големи животни (говеда, овци, свињи, коњи).
Мали животни (мачка, куче)

## 8. Дозирање за секој поединечен вид, начин и фрекфенција на примена и препорака за правилна употреба

| **Целен вид** | **Доза/Телесна тежина** | **Начин на администрација** |
|---|---|---|
| Коњ | 1 ml/25 kg | со интрамускулна инјекција |
| Говедо | 1 ml/25 kg | со интрамускулна инјекција |
| Овца | 1 ml/20 kg | со интрамускулна инјекција |
| Свиња | 1 ml/20 kg | со интрамускулна инјекција |
| Куче | 1 ml/10 kg | со субкутана инјекција |
| Мачка | 1 ml/10 kg | со субкутана инјкекција |

Интервал на третманот 72 часа.

## 9. Совет за правилна примена

При повторен третман не треба да се користи истото место за инјекција.

## 10. Каренца на ветеринарно – медицинскиот препарат

| | |
|---|---|
| Место на инјектирање кај говеда, коњи и свињи: | 70 дена |
| Место на инјектирање кај овци: | 56 дена |
| Месо и органи: | 14 дена |
| Млеко: | 5 молзења |

## 11. Начин на чување и рок на употреба

Да се чува на температура помеѓу 2 и 8 °C. Да не се замрзнува. Да се чува вон дофат на деца.
Рок на траење на ветеринарно-медицинскиот прапарат во оригиналното пакување за продажба: 3 години.
Рок на траење по првото отворање на директното пакување: 28 дена

## 12. Посебни мерки на претпазливост

Да не се користи кај животни алергични на пеницилин.

**Посебни мерки на претпазливост кои треба да бидат превземени од страна на лицето кој го администрира ветеринарно-медицинскиот препарат кај животните**

При повторен третман не треба да се користи истото место за инјекција. Лица кои се алергични на пеницилин треба да избегнуваат контакт на кожата со препаратот.

**Користење во текот на гравидитет и лактација**
Не се потребни посебни мерки на претпазливост.

**Интеракција со други медицински препарати и други форми на интеракција**
Може да се појави антагонизам помеѓу Duplocillin и бактериостатските препарати. Може да се појават резистентни бактерии, кои покажуваат вкрстена резистенција кон други ß-лактамски антибиотици. Забележан е синергизам со други бактерицидни прапарати.

## 13. Посебни предупредувања за отстранување на неупотребениот ветеринарно – медицински препарат или отпадниот материјал од ветеринарно – медицинскиот препарат

Секој неискористен ветеринарно-медицински препарат или отпадните материјали добиени од користењето на таквите ветеринарно-медицински препарати треба да биде отстранет во согласност со локалната регулатива.

## 14. Останати информации

Само за третман на животни.

## 15. Пакување

Duplocillin LA се пакува во стаклени или PET-садови со чепови од халогенирана-бутилна гума.
Големини на пакување: 100 и 250 ml стаклени садови, 100 и 250 ml PET-садови
Сите големини на пакување на мора да бидат ставени во промет.

## 16. Начин на издавање

Ветеринарно медицински препарат што се употребува само во ветеринарно друштво од доктор по ветеринарна медицина.

## 17. ATC вет код

ATC вет код: QJ01CE
Фармакотерапевтска група: Пеницилини осетливи на β лактамаза

## 18. АХВ број

1342

## 19. Број на одобрението за ставање во промет на ветеринарно – медицинскиот препарат

16-4119

## 20. Датум на последна ревизија на упатството за употреба

30.03.2018